Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 14-985/32
20.12.2021 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: / E pranuar: | 20 12 2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 14 | 985/32 | | |

# Записник од 39-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 15.12.2021 година | **Време** | 09.30 – 11.00 часот |
| **Бр. на седница** | 39-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Љубен Талев, Сашко Стојковски, Петар Тасев (независни експерти) | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, Мишко Талески, Владимир Радосављевиќ, Букурије Јашари Мемети (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 29.11.2021 година;
2. Усвојување на Мислење со препораки за изменување на Правилникот за начинот на изградба на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства на Агенцијата за електронски комуникации ;
3. Дискусија во врска со последниот DESI Извештај за развој на бродбендот во државите членки на ЕУ за 2021 година ;
4. Разно.

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 39-та редовна online седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 38-та седница, одржана на 29.11.2021 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Буковалов, појасни дека овој правилник има допирни точки и со Законот со легализација кој е во владина процедура. Финалниот предлог текст е направен имајќи ги предвид сите коментари, дискусии и забелешки пристигнати во изминатиот период од членовите на телото. Во рамките на ова беше испратен и предлог текст до директорот на Агенцијата за електронски комуникации.

**Заклучок :** Членовите на НКБК едногласно го усвоија мислењето со препораки за изменување на Правилникот за начинот на изградба на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства на Агенцијата за електронски комуникации. Истото ќе биде доставено до министерот и заменик министерот за информатичко општество и администрација, и ќе биде поставено на веб страната на НКБК.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на третата точка од дневниот ред, претседателот Буковалов отвори дискусија поврзана со последниот DESI Извештај за развој на бродбендот во државите

членки на ЕУ за 2021 година. Членот на НКБК, Славица Настеска, појасни дека забележано е бришење на некои индикатори и воведување на нови. Се брише индикаторот за кавериџ покриеност со каков било фиксен бродбенд пристап, со оглед на фактот дека над 99 % од популацијата веќе е покриена со бродбенд. Сега се воведуваат индикатори за распространетост на фиксен бродбенд (fixed broadband take-up) за брзини од најмалку 100 Mbps и 1 Gbps, покривање со VHCN мрежи, како и покривање со 5G. Инаку, за 5Г е во тек тендерот во државата, а јавното отворање на понудите ќе биде на 5 јануари 2022 година. Исто така, врз основа на ова ќе треба да се менуваат и двата документи – Методологијата за утврдување на индексот на дигиталната економија и општество и Образецот за формата и содржината која треба да ја содржи Извештајот.

Буковалов истакна дека менувањето на документите ќе влијае и на начинот на собирањето на податоците од операторите.

**За четвртата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно„ членот на НКБК, Буковалов истакна дека Европската комисија прави промена на текстот на документот за државна помош каде што се воведуваат гигабитни брзини согласно најновиот документ на ЕУ, како нова Стратегија на Европа до 2030 година насловен Дигитален компас. Станува збор за нови таргети кои целат на гигабитна брзина, наместо досегашните 100 Mbps.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ______________________